Република Северна Македонија
Национална установа МУЗЕЈ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional MUZEU I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Бр/Nr 02-468/8
23.12.2025 год/vit.
Скопје-Shkup

Врз основа на член 10 и член 45 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015,154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019,14/2020,215/2021 и 99/2022,208/2024 и 210/2024 ) и Предлогот за вработување на кандидат бр.10-1834/16 од 22.12.2025 година по Јавен оглас бр.847/2025 , директорот на НУ Музеј на Република Северна Македонија Скопје донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор за вработување на административен службеник по јавен оглас**

1.По јавниот оглас бр.847/2025 објавен на 25.07.2025 година во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха, за вработување на административен службеник во Националната установа Музеј на РС Македонија Скопје се избира:

Кандидатот со идентификацски код 07В76АЕ, Маргарита Глигуроска за работното место КУЛ 0102В02002, Виш соработник за административни, општи, и правни работи, Одделение за административни, општи, правни работи и човечки ресурси.

2.Именуваната ќе биде вработена на неопределено време на работното место од став 1 на оваа Одлука, по конечноста на Одлуката.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 25.07.2025 година во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха и на интернет страницата на Агенцијата за администрација објавен е оглас бр.847/2025 за вработување на административен службеник во Националната установа Музеј на РС Македонија Скопје.

Со Решение бр.10-1834/9 од 18.11.2025 година, формирана е Комисија за селекција на вработувањето по јавен оглас од страна на Агенцијата за администрација на РСМ. Комисијата за селекција на вработувањето по јавен оглас спроведе административна селекција за административен службеник и состави Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр.10-1834/10 од 01.12.2025 година. На ден 12.12.2025 година спроведен е испит за административен службеник и изготвен е Записник од спроведениот испит за административен службеник бр.10-1834/12 од 12.12.2025 година.

Воедно е изготвено и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција на вработувањето по јавен оглас, бр.10-1834/13 од 17.12.2025 година и согласно измената во Решението е потпишан и записникот од спроведениот испит од страна на изменетиот член на Комисијата.

На ден 17.12.2025 спроведена е проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник и составен е Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-1834/14 од 17.12.2025 година.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази и Предлог за вработување на кандидат бр.10-1834/16 од 22.12.2025 година по Јавен оглас бр.847/2025. Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, директорот на Националната установа на Музеј на РС Македонија Скопје, донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на нејзиното објавување на веб страницата и огласната табла во Агенцијата за администрација.

НУ Музеј на РС Македонија
директор

Борче Топуковски

Доставено до:
Агенција за администрација (2)
Архива на Музејот (1)
Избраниот кандидат (1)